ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2492/3
08-06-2023

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на продолжението на 87-та седница одржана на ден 01.06.2023 година донесе

***Одлука***

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 08-4932/1 од 12.11.2021 година.

Предметот со број 08-4932/1 од 12.11.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-4932/1 од 12.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК на колегиум одржан на 20.09.2021 година заклучи да изврши проверка во изданијата на Службен весник на РСМ во 2021 година, и да утврди кои лица се избрани/именувани лица односно на кои лица им престанала функцијата и да се направи увид во евиденцијата на ДКСК за да се утврди кои лица не ја исполниле законската обврска за поднесување анкетен лист до ДКСК по избор/именување односно престанок на функција.

ДКСК, од увидот во својата евиденција, констатира дека за лицето Томе Трпоски е веќе издаден прекршочен платен налог за неисполнување на обврската согласно член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси по избор за член на управен одбор на ЈЗУ Здравствен дом Охрид во предмет бр. 08-4832 од 12.11.2021 година. По истиот прекршочен налог именуваниот постапил и платил половина од изречената глоба.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: Б.С., советник
Одобрил: Г.Т.., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**